**ДП.бр.12-04-4/20**

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ (подолу како ДК при КИРСМ) во состав од Ванчо Марковски извршител, како Претседател на Дисциплинска комисија и Николче Диневски извршител, како член-известител на Дисциплинска Комисија, судија Весна Богдановска од Основен граѓански суд Скопје, судија Јетмир Хамзаи од Основен суд Гостивар и Јасна Жежова од Совет на Јавните обвинители, како членови на Дисциплинска Комисија и Снежана Пижевска како записничар, постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка бр.09-4252/5 од 20.11.2019 година на Министерството за правда на РСМ, во присуство на извршителот, по одржан главен претрес, на ден 05.02.2020 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

**СЕ ОГЛАСУВА ЗА ВИНОВЕН** извршител А. К. именуван за подрачјето на Основен суд Г. и Основен суд К.

**ЗАТОА ШТО:**

Извршителот А. К. од Г. на ден 20.02.2019 година примил Барање за извршување и администрирал извршен предмет со И.бр.236/19, и не постапувал по барањето за извршување односно не преземал извршни дејствија по предметот И.бр.236/19 од ден 20.02.2019 година, па се до ден 18.10.2019 година, со што извршителот постапил спротивно на член 28 став 3 и 4 од Законот за извршување.

Со дејствијата опишани во изреката, извршителот А. К. сторил дисциплинска повреда по член 65 став 1 алинеја 17 од Законот за извршување:„ Извршителот не постапува според редоследот на примените барања за извршување или не презема дејствија по барањето за извршување" па согласно чл. 62 став 1 точка в) од Законот за извршување на извршител А. К. од Г. му се изрекува дисциплинска мерка

**ПАРИЧНА КАЗНА**

во висина од ---- евра во денарска противвредност според среден курс на Н. Б. на Р. С. М. на денот на изрекувањето.

СЕ ЗАДОЛЖУВА извршителот А. К. од Г. изречената парична казна во висина од ---- евра во денарска противвредност според среден курс на НБРСМ од ова решение да ја плати во рок од --- дена од приемот на решението а под страв на присилно извршување.

Ова Решение е конечно.

Евентуално поведен управен спор пред надлежен суд не го одлага извршувањето на ова решение.

*Образложение*

На ден 19.12.2019 година до Комората на извршители на РСМ е доставен Предлог за поведување на дисциплинска постапка бр.09-4252/5 од 20.11.2019 година поднесен од страна на Министерството за правда, врз основ на член 59 став 1 и 4 од ЗИ, против извршителот А. К. од Г. врз основа на Извештај од извршен надзор бр.09-4252/2 од 15.11.2019 година спроведен

од страна на овластени лица од Министерството за правда во канцеларијата на извршителот на ул. ----- бр.---, Г. на ден 18.10.2019 година.

Предлогот за поведување дисциплинска постапка бр.09-4252/5 од 20.11.2019 година од Министерството за правда на РСМ е поднесен против извршител А. К., со наводи за сторена дисциплинска повреда од член 65 став 1 алинеја 17 од Законот за извршување („Службен Весник на Р. М.“ бр. 72/16, 142/16 и 233/18): „Извршителот не постапува според редоследот на примените барања за извршување или не преземал дејствија по барањето за извршување” на начин што извршителот на ден 20.02.2019 година примил барање за извршување по кое оформил предмет со И.бр.236/19 и од денот на приемот на барањето за извршување па се до денот на надзорот, 18.10.2019 година не презел извршни дејствија односно не постапил по барањето за извршување 8 месеци со што извршителот постапил спротивно на член 28 став 3 и 4 од Законот за извршување.

Министерството за правда сметајќи дека извршителот А. К. од Г. сторил дисциплинска повреда од член 65 став 1 алинеја 17 од ЗИ:„ Извршителот не постапува според редоследот на примените барања за извршување или не преземал дејствија по барањето за извршување”, предлага Дисциплинската комисија при КИРСМ да поведе дисциплинска постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на извршител А. К. од Г. и да му изрече соодветна санкција во согласност со одредбите од Законот за извршување.

Во своја одбрана содржана во одговор на предлог за поведување на дисциплинска постапка доставен до ДК при КИРСМ од ден 03.01.2020 година извршителот А. К. од Г. наведе дека наводите во предлогот за поведување на дисциплинака постапка се неосновани. Имено, извршителот наведе дека по предметот И.бр.236/19 извршил администрирање и не презел извршно дејствие со издавање на налог за извршување, од причина што полномошникот на доверителот се обратил до него со барање да не се презема извршни дејствија заради економичност на постапката, бидејќи странките преговараат паричното побарување да се исплати вон постапката за извршување.

Во писмениот одговор извршителот укажува дека како извршител има постапено целосно во согласно со начелото на економичност на постапката, за кое начело секој извршител мора да внимава и да го применува во постапката при извршување. Доколку ваквото однесување би штетело на странките, истите би го искористиле правото на приговор и врз основ на член 86 став 1 од Законот за извршување, до судот би доставиле приговор за незаконско постапување или пропуштање за преземање определено законско дејствие.

Извршителот во писмениот одговор наведе дека писмената изјава доставена до него од полномошникот на доверителот, дополнително допринела да не презема извршно дејствие по предметот И.бр.236/19, заради што предлага ДК при КИРСМ во целост да го одбие предлогот за поведување на дисциплинака постапка како неоснован.

На одржан главен претрес на Дисциплинската комисија при КИРСМ на ден 05.02.2020 година, извршителот А. К. од Г. наведе дека останува кон одбраната дадена во писмен одговор со појаснување дека со самото непреземање на извршно процесно дејстие во конкретниот предмет не е предизвикана штета за било која странка во предметот, па самото непреземање

на извршното дејствие е врз основа на усмено барање на подносителот на барањето, адвокат М. Д. од Г. бидејќи со должникот биле договорени да го решат предметот надвор од постапка на извршување. Појаснува дека парично побарување од извршната исправа е по основ на досудени процесни трошоци во кривична постапка кои трошоци ги побарува самиот адвокат. Ваквото усно барање од адвокатот полномошник на доверителот сега е потврдено со писмена изјава дадена од негова страна до него како извршител и е доставена во прилог на одговорот по предлогот. Извршителот смета дека со неговото сторување односно несторување не ја сторил повредата што му се товари со предлогот за поведување на дисциплинска постапка, а постапил согласно начелото на економичност на постапка, за да не предизвика дополнителни трошоци на странките.

На главен претрес одржан на ден 05.02.2020 година, на прашање на член на ДК при КИРСМ, каква е моментално состојбата со предметот, извршителот А. К. од Г. изјави дека се преземени дејствија согласно ЗИ, но не знае дали е целосно реализиран предметот меѓу странките.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ на одржан главен претрес на ден 05.02.2020 година, ги дозволи и изведе следните докази:

- Предлог за поведување на дисциплинска постапка бр.09-4252/5 од 20.11.2019 година на Министерство за правда на РСМ;
- Извештај бр.09-4252/2 од 15.11.2019 година на Министерство за правда на РСМ;
- Записник бр.09-4252 од 18.10.2019 година на Министерство за правда на РСМ;
- Извадок од електронски уписник од ден 18.10.2019 година за И.бр.236/2019 со евиденција на преземени дејствија (3 страни);
- Известување од извршител А. К. до Министерство за правда од ден 18.10.2019 година;
- Налог за извршување И.бр.236/2019 од 18.10.2019 година на извршител А. К.,донесен врз основ на член 96 од ЗИ;
- Потврда за достава на Налог до должник, преку ПТТ;
- Прва страна од Обвивка на списот, И.бр.236/2019 од 20.02.2019 година на извршител А. К.;
- Барање за извршување, заведено кај извршител А. К. под И.бр.236/19 од 20.02.2019 година, поднесено од доверителите Е. и А. Ф. , пеку пол. М. Д., адвокат од Г.;
- Полномошно со кое Е. и А. Ф. од село В., го овластуваат адвокат М. Д. од Г. во нивно име и нивна сметка да поднесе барање за извршување пред надлежен извршител врз основ на извршна исправа;
- Решение К.бр.49615 од 20.06.2017 година на Основен суд Г., со печат на правосилност 16.11.2017 година и извршност 04.12.2017 година;
- Доставница И.бр.236/2019, која не е пополнета во целост, испратена пратка и приемна книга без целосни податоци;
- Одговор на предлог за поведување на дисциплинска постапка од извршител А. К., заведено во КИРСМ под бр.12-4-1/1 од 03.01.2020 година;
- Писмена изјава од адвокат М. Д. од Г., адресирана до извршител А. К. од Г.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ на одржан главен претрес, ги разгледа наводите изнесени во предлогот, одбраната на извршителот, па ценејќи ги сите докази одделно и заедно, ја утврди следната фактичка положба:

Извршителот на ден 20.02.2019 година примил барање за извршување од доверителите Е. и А. Ф. од с. В., преку полномошник М. Д. од Г. против должниците Р. Х. од с.А. и Р. од с. Р., засновано на извршна исправа Решение на Основен суд Г. К.бр.496/15 од 20.06.2017 година за наплата на парично побарување, на име трошоци во кривична постапка во износ од 60.300,00 денари. Извршителот администрирал предмет со И.бр.236/19 и не презел извршно дејствие по предметот И.бр.236/19 се до 18.10.2019 година, кога издал Налог за извршување И.бр.236/19 врз основ на член 96 од ЗИ од 18.10.2019 година, заради наплата на парично побарување. Налогот го доставил до должникот и до полномошникот на доверителите, на ден 18.10.2019 година.

Извршителот примил писмен поднесок- изјава од адвокат М. Д. од Г., во кое е наведено дека веднаш по поднесување на барањето за извршување остварил контакт со полномошникот на долниците, адвокат Б. Р. од Г. кој му соопштил дека има можност паричното побарување должниците да го исплатат надвор од постапката за извршување, кое нешто било прифатено од негова страна и телефонски контактирал со извршителот и го замолил да не презема извршни дејствија по предметот И.бр.236/19, заради економичност на постапката.

На ден 18.10.2019 година овластена комисија од Министерот за правда извршила редовен надзор над работата на извршителот А. К. именуван за подрачјето на Основен суд Г. и Основен суд К., при што побарала од извршителот да даде увид во извршните предмети И.бр.236/19, И.бр.237/19, И.бр.930/19, И.бр.931/19, И.бр.433/18 и И.бр.435/18, констатирала дека извршителот по предметот И.бр.236/19 на ден 20.02.2019 година примил барање за извршување и завел предмет под И.бр.236/19, по кое од денот на приемот на барањето до денот на надзорот не презел извршни дејствија. Во однос на останатите предмети во кои бил извршен увид било констатирано дека извршителот постапувал според редоследот на примените барања за извршување и дека по прием на барање за извршување, преземал извршни дејствија. Овластената Комисија на Записник за извршениот надзор, го задолжила извршителот да постапи по барањето за извршување И.бр.236/19 и веднаш да преземе извршни дејствија. Извршителот постапил по задолжението од Министерството за правда и истиот ден, 18.10.2019 година издал Налог за извршување И.бр.236/19 врз основ на член 96 од ЗИ, заради наплата на парично побарување и налогот го доставил на ден 18.10.2019 година до должникот и до полномошникот на доверителите.

Изршителот А. К. на ден 18.10.2019 година по електронски пат доставил докази и писмено известување до Министерството за правда дека постапил по дадените забелешки од Записникот од извршен редовен надзор, комплетно го отстранил констатираниот недостаток на начин што непосредно веднаш по извршениот надзор презел извршно дејствие по предмет И.бр.236/19 со издавање на налог за извршување врз основ на член 96 од Законот за извршување.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ одлучувајќи по повод основаноста на наводите од Предлогот за поведување дисциплинска постапка утврди дека извршителот ја сторил дисциплинската повреда: „извршителот не постапува според редоследот на примени барања за извршување или не преземал дејствија по барањето за извршување“, по член 65 став 1 алинеја 17 од Законот за извршување, на начин што извршителот А. К. од Г., не презел извршни дејствија по барањето за извршување И.бр.236/19 и тоа од ден 20.02.2019 година па се до ден 18.10.2019 година. Со непреземање на извршни дејствија по барањето за извршување по предметот И.бр.236/19, извршителот постапил спротивно на член 28 став 3 и став 4 од Законот за извршување:„ Извршителот е должен да постапува по барањето за извршување. Со врачување на извршната исправа чие извршување се бара, извршителот е овластен да избере средства на извршување и предмети на должникот заради целосно извршување на извршната исправа.“, и сторил дисциплинските повреди по член 65 став 1 алинеја 17 од ЗИ.

Поради непреземање на извршни дејствија од страна на извршителот по предметот со И.бр.236/19 се утврди дека се содржини битните елементи на дисциплинската повреда по член 65 став 1 алинеја 17 од ЗИ, ДК при КИРСМ го огласи за виновен извршителот А. К. од Г. и согласно чл. 62 став 1 т.в) му се изрече дисциплинска мерка парична казна во висина од ---- евра во денарска противвредност според среден курс на Н. Б. на Р. С. М. на денот на изрекувањето за сторената дисциплинската повреда од член 65 став 1 алинеја 17 од ЗИ.

ДК при КИРСМ при одлучувањето која дисциплинска мерка ќе ја изрече на извршителот, ги ценеше сите олеснителни и отежнителни околности, а како пособна олеснителна околност го ценеше фактот што извршителот не е претходно дисциплински казнуван, како и фактот дека извршителот не предизвикал штета на доверителите и на должниците поради неговото повеќемесечно непостапување по предметот И.бр.236/19, како и фактот дека откако од страна на Министерството за правда на извршителот му бил даден рок да ја исправи повредата, извршителот веднаш презел извршно дејствие по предмет И.бр.236/19 со издавање на налог за извршување врз основ на член 96 од Законот за извршување.

ДК при КИРСМ како отежнителна околност ја зема во предвид тежината на дисциплинските повреди, како и околноста дека извршителот бил должен да постапува по барањето за извршување поднесено од доверителите Е. и А. Ф. од с. В., преку полномошник М. Д. од Г. против должниците Р. Х. од с.А. и Р. од с.Р., засновано на извршна исправа Решение на Основен суд Г. К.бр.496/15 од 20.06.2017 година за наплата на парично побарување.

Комисијата ја ценеше одбраната на извршителот дека администрирал предмет со И.бр.236/19 и не презел извршно дејствие со издавање на налог за извршување, од причина што полномошникот на доверителите, адвокат М. Д. од Г. се обратил до него со барање да не се презема извршни дејствија заради економичност на постапката, бидејќи странките преговараат паричното побарување да се исплати вон постапката за извршување, но утврди дека извршителот не изготвил Службена белешка во која ќе го забележи барањето на полномошникот на доверителите.

Дисциплинската комисија смета дека со изречената дисциплинска мерка ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Дисциплинската Комисија при КИРСМ на ден 05.02.2020 година согласно чл. 58, чл.60 и чл.61 од Законот за извршување („Службен весник на РМ“ бр.72/16, 142/16, 233/18 и 14/20) одлучи како во изреката на ова решение.

Согласно член 62 став 1 точка в) в.в. со член 68 став 4 од Законот за извршување се задолжува обвинетиот извршител А. К. од Г. да плати на име парична казна износ во висина ---- евра во денарска противредност по среден курс на Н. Б. на РСМ на ден на изрекување, на сметка на Комората на извршители на РСМ бр.--------------- во С. Б. АД С., во рок од --- дена од прием на одлуката, а под страв на присилно извршување.

**КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РСМ**
**ДИСЦИПЛИНСКА КОМИСИЈА**
Претседател,
Ванчо Марковски

___________________________________

**Правна поука :** против ова решение извршителот има право на правна заштита со поведување на управен спор пред Управен суд на РСМ во рок од 30 дена по приемот

**Дн:** Министерство за правда на РСМ
Извршител А. К. од Г.
Претседател на КИРСМ
Архива